# Изјава за почитување на либерално-демократскиот поредок на Сојузна Република Германија

при поднесување барање за дозвола за престој во согласност со член 104с став 1 реченица 1 бр. 1 од Законот за престој

1) Изјавувам дека го почитувам либерално-демократскиот поредок според уставот на Сојузна Република Германија. Особено потврдувам дека:
   а) народот има право да ја извршува државната власт
      - преку избори и гласање и
      - преку органите на законодавната, извршната и судската власт.

      Народот ги избира народните претставници на општи, непосредни, слободни, рамноправни и тајни избори.
   б) законите му се подредени на уставниот поредок. Извршната власт и судството му се подредени на законот и правото.
   в) смее да се формира и да работи парламентарна опозиција.
   г) владата одговара за своето работење пред народните претставници. Владата може да биде сменета и распуштена.
   д) судовите се независни.
   ѓ) каква било форма на насилство и самоволно владеење е исклучена.
   е) човековите права се неприкосновени.
   ж) уставот ги гарантира достоинството и еднаквоста на сите луѓе. Која било постапка за остварување антисемитски, расистички, ксенофобични или други нечовечки цели е неспоива со уставот и е спротивна на оваа изјава.

2) Изјавувам дека ниту сега ниту во минатото не сум се стремел/-а кон и не сум поддржувал/-а цели што
   а) се насочени против либерално-демократскиот поредок, постоењето или безбедноста на сојузната држава или некоја покраина или
   б) имаат за цел незаконско попречување на извршувањето на должностите на уставните органи на сојузната држава или на некоја покраина или на нивни припадници или
   в) ги загрозуваат надворешно-политичките интереси на Сојузна Република Германија преку примена на сила или подготвителни дејствија за тоа или
   г) имаат за цел антисемитски, расистички, ксенофобичен или друг нечовечки чин.

3) Го добив, прочитав и разбрав „Информативниот лист за либерално-демократскиот поредок“.

_________________________________ _________________________________

Место и датум Потпис